Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА

ОКСЗД

Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-91/1
15-01-2025 година

Постапувајќи по претставката бр. 08-714/1 од 21.11.2024 година, поднесена од од Скопје, со адреса на , против Совет на Град Скопје, со седиште на бул. Илинден бр. 82, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на образование и пристап до добра и услуги, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно со член 21, став 1, точка 14 и член 27, став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл. Весник на РСМ бр. 258/2020) на 26.12.2024 година, го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

**СЕ УТВРДУВА ИНДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на возраст во областа на образование и пристап до добра и услуги сторено од страна на Совет на Град Скопје кон учениците од град Скопје.

**Образложение**

На 21.11.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка од страна на против Совет на Град Скопје, за сторена дискриминација врз основа на возраст во областа на образование и пристап до добра и услуги.

Според наводите од претставката, дискриминацијата се однесува на децата на подносителката, односно станува збор за попречување на правото на образование со тоа што не функционира јавниот превоз во Град Скопје. Имено, нејзините деца учат во средно училиште и на ден 20.11 и 21.11.2024 година не можеле да стигнат на училиште поради гореспоменатиот проблем со нефункционирање на јавниот превоз. На тој начин, тие пропуштаат од наставата, со што им се попречува правото на образование и генерално влијае на нивното образование. Во контакт со родителите на останатите ученици било споделено дека и оние ученици кои стигнале на училиште губеле часови бидејќи наставниците не можеле да стигнат на работа. Подносителката наведува дека за истиот проблем се има обратено и до Народниот Правобранител.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 29.11.2024 година испрати Известување бр. 08-714/2 за произнесување по наводите од претставката до Советот на Град Скопје.

На ден 16.12.2024 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување по наводите од претставката од страна на Кабинет на Советот на Град Скопје, заведено под наш бр. 08-714/3.

Во одговорот се наведува дека жалителката е во право дека на нејзините деца во конкретните денови, на 20.11 и 21.11.2024 година, им било ускратено правото навремено да стигнат на училиште. Информираат дека проблемот настанал, како што било познато, поради недостиг на гориво за автобусите на ЈСП-Скопје, за што сметаат дека не е вина на Советот на Град Скопје. Проблемот бил надминат преку позајмица со гориво од стоковите резерви.

Во однос на наводите за сторена дискриминација, истакнуваат дека самата жалителка наведува дека нарушувањето во обезбедувањето на јавен превоз во спомeнатите денови било од поширок карактер и засегнал и други ученици и наставници од средните училишта, Оттаму, иако се работи за оневозможување на право на редовен јавен превоз, сметаат дека во случајот не постои дискриминација по никаков основ.

По увид во наводите од претставката и произнесувањето по неа, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

На 20.11 и 21.11.2024 година, поради недостиг на гориво за автобусите на ЈСП-Скопје, било оневозможено користењето на јавен превоз во град Скопје. Вака настанатата ситуација влијаела негативно на учениците од град Скопје, кои тие два дена не можеле да стигнат на училиште.

Согласно со **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, *„дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите"*.

Индиректната дискриминација е дефинирана во **член 8 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**, кој гласи:
*„Индиректна дискриминација постои кога преку навидум неутрални прописи, одредби, критериуми, програми или практики, се става некое лице или група во понеповолна положба врз дискриминаторска основа во споредба со други лица или група лица, освен кога произлегува од легитимна цел, а средствата за постигнување на таа цел се пропорционални, односно се соодветни и неопходни"*.

Во контекст на конкретната ситуација, **член 44 од Уставот на Република Северна Македонија** гарантира дека образованието е достапно на секого под еднакви услови.

Во оваа насока, многу групи граѓани зависат од јавниот превоз за да ги остварат своите основни човекови права како правото на образование, движење, здравје, работа, пристап до добра и услуги и други. Недостатокот на соодветен јавен превоз ја продлабочува нееднаквоста во општеството бидејќи поранливите групи граѓани зависат од јавниот превоз за остварување на основните права и пристап до јавни услуги. Социјално загрозените граѓани, жените, младите (ученици и студенти), пензионерите и други групи се позависни од јавниот превоз од другите групи граѓани. Иако Комисијата препознава дека недостапноста на јавниот превоз тие два дена важела за сите граѓани, сепак укажува дека таквата ситуација непропорционално повеќе влијае на одредени групи на граѓани, како што се младите луѓе и учениците. За нив, недостатокот на пристап до сигурен и редовен јавен превоз подразбира неможност да посетуваат настава, односно да го остваруваат своето уставно загарантирано право на образование. За многу деца, особено оние во руралните или приградските средини, јавниот превоз е единственото превозно средство за пристап до училиште. За разлика од возрасните, кои можеби имаат алтернативни методи на превоз (на пример возење автомобил или работа од далечина), децата немаат таква флексибилност.

Оваа ситуација претставува индиректна дискриминација, бидејќи недостапноста на јавниот превоз, иако навидум неутрална во својата примена, претставува несразмерен товар за учениците во споредба со другите групи во општеството.

Во однос на делот од произнесувањето со кој од Советот на Град Скопје информираат дека проблемот настанал поради недостиг на гориво за автобусите на ЈСП-Скопје, Комисијата укажува дека јавните власти имаат обврска да ги предвидат и ублажат негативните влијанија од таквите нарушувања. Ова вклучува обезбедување на континуитет на основните јавни услуги, како што е јавниот превоз. Пропуштањето да го сторат тоа претставува прекршување на нивната должност да го почитуваат принципот на еднаквост и да спречат дискриминација. Советот на Град Скопје има бројни надлежности над работењето на ЈСП Скопје кои треба да ги искористи со цел унапредување на состојбите со јавниот превоз.

Земајќи го предвид горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот.

Оттука, согласно член 27 став 2 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, по утврдената дискриминација, а со цел отстранување на повредите на правото, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја донесе следната:

**ПРЕПОРАКА**

1. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Советот на Град Скопје да ја следи состојбата со јавниот превоз и да донесува соодветни мерки за унапредување на состојбата согласно потребите на населението и земајќи го предвид влијанието на јавниот превоз кон еднаквоста и остварувањето на правата на граѓаните.
2. **СЕ ПРЕПОРАЧУВА** Советот на Град Скопје во иднина да презема мерки за да спречи прекин на наставата поради недостаток на јавен превоз како организирање на превоз на ученици и вработени во средите училишта независно од јавниот превоз, онлајн организирање на наставата или друга соодветна мерка.

Доколку Советот на Град Скопје не постапи согласно оваа препорака во рок од 3 месеци, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно своите надлежности од член 27 став 4 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, ќе поднесе барање за покренување на прекршочна постапка пред надлежен суд за прекршоци.

Скопје
15.1.2025 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Лимко Бејзароски

Доставено до:

- Совет на Град Скопје, со седиште на бул. Илинден бр. 82, 1000 Скопје